# ИЗВЕШТАЈ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ИНТЕРНЕШНЕЛ ХОТЕЛС АД Скопје ВО 2023 ГОДИНА

**Интернешнел Хотелс А.Д. Скопје е компанија која го започна своето работење пред 29 години. Главната дејност на компанијата е менаџирање на Хотели и слични објекти за сместување. Компанијата го раководи најголемиот хотел во Скопје, Хотелот Континентал. Хотелот располага со 203 соби, од кои 6 се луксузни апартмани, сите соби се опремени со централна климатизација, телефонски линии, сеф, интернет пристап и мини барови. Хотелот располага со три ресторани, две летни градини, бар, конференциски сали, фитнес центар и бизнис клуб. Компанијата во 2023 година имаше просечно 42 вработен.**

Резултатот на Интернешнел Хотелс А.Д. Скопје во 2022 година како и во минатата година соодветствува на тешката глобална состојба поврзана со економијата, високите цени на енергенсите и намалени патување поради воени и политички конфликти во Европа. Слободно можеме да кажеме дека 2023 година беше година на повторен почетокот на туризмот по сите глобални кризи. Голем притисок ни беше и зголемувањето на цените на основните но и на останатите продукти кои ни се основен ресурс за функционирање. Најголем проблем во 2023 година беше одливот на работниците кое исто така многу влијае на квалитетот и можноста за работење, се потешко е да се најде соодветен кадар.

Менаџментот макотрпно се трудеше да ги ублажи горенаведените последиците, максимално се трудеше да ги сведе на минимум трошоците, но и да овозможи тековно работење на Хотелот во тие околности, се со цел Хотелот да оствари приходи во овој тежок период но и да не генерира дополнителни и непотребни трошоци.

**-Приходи**

Интернешнел Хотелс А.Д. во 2023 година оствари вкупни приходи од продажба на износ 69.478,753,00 денари истите се намалени во однос на 2022 година.

- Приходите од ноќевање изнесуваат 37.695.804,00 денари и претставува 54,26% од вкупните приходи, при што се остварени 26.545 ноќевања.

- Приходите од храна изнесуваат 23.768.091,00 денари и претставуваат 34,21% од вкупните приходи.

- Приходот од пијалок изнесуваат 2.945.742,00 денари, се намалени споредбено со претходната година .

- Приходите од останато (изнајмување на сала, озвучување, симултан превод, цветни аранжмани) изнесуваат 5.069.116,00 денари,

- Останати приходи изнесуваат 1.150.843,00 денари, истите се остварени од позитивни курсни разлики, наплата на штета,приходи од отпишани обврски

**- Трошоци**

- Вкупните оперативни трошоци за 2023 изнесуваат 59.230.705,00 ден.

- Трошоците за храна се 6.680.975,00 денаи и учествуваат со 28,10% во приходите од храна..

- Трошоците за пијалок се 886.990,00 денари учествуваат 30,11% во приходите од пијалок.

- Трошоците за електрична енергија и нафта изнесуваат 12.227.250,00 денари,

трошоците се намалени за 55,84% споредбено со претходната година

- Трошоците за вработените изнесуваат 19.564.475,00 денари.

- Останати трошоци од работењето изнесуваат 19.871.015,00 денари.

- Трошоци за амортизација 9.726.331,00 денари

- Расходи по основ на отпис на ненаплатени побарувања 198.044,00 денари

- Расходи по основ на отпис на ситене инветер 270.284,00 денари

Трошоци и приходи кои независат од работењето, а се финансиско оптеретување за компанијата.

- Трошоци за осигурување 2.234.455,00 денари.

- Трошоци за камати по долгорочен кредит кои изнесуваат 2.019.094,00 денари.

Финансискиот резултат после овие трошоци а пред камата, амортизација и отписи изнесува 8.894.161,00 денари

Остварен е негативен финасиски резуртат по пресметана камата и амортизација и изнесува 3.049.317,00 денари.

Л'Емир Хабиб Зогби

Извршен директор

________________